**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 76 став 4 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 25. 11. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5985 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот**: 23 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 25 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 76 став 4 од Изборниот законик** („Радиодифузерите не смеат да емитуваат платено политичко рекламирање во вести, посебни информативни програми, образовни и програми за деца, и во преноси од верски, спортски, културни, забавни и други настани“)

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговско Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, емитуван на 23 ноември 2016 година, на државно ниво, констатирано е дека, спротивно на одредбите од член 76 став 4 од Изборниот законик, емитува платено политичко рекламирање во посебни информативни програми.

Платеното политичко рекламирање е емитувано во дебатната емисија „Аргументи“, емитувана на 23 ноември 2016 година.

**23.11.2016**

| Програма | Период на емитување на рекламирањето | Нарачател |
|---|---|---|
| **Аргументи**<br>11:30:02 – 12:35:08<br><br>**Водител:** Љубиша Николовски<br><br>**Гости:** Нермин Теловска, Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др.; Мариглен Демири, Левица. | 11:48:21 – 11:48:44 | Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. |

***Сектор за програмски работи***